ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 02.11.2011

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Режим на препишување и препораки од специјалистичко-консултативна здравствена заштита**

Поради честите поплаки од осигурениците дека имаат проблеми при издавање на лекот во аптека, иако биле на специјалист/субспецијалист каде добиле препорака за лек од Позитивната листа на лекови и истиот бил препишан на рецепт од избраниот лекар, го објавуваме следново објаснување:

По извршениот преглед специјалистот/ субспецијалистот има право да даде препорака за лек од Позитивната листа на лекови при тоа да води сметка за режимот на препишување на лекот со задолжително наведување на генериката и дијагнозата по МКБ-10. Важноста на препораката за лек од Позитивната листа на лекови според специјалистички извештај односно отпусно писмо е до денот на контролата, а ако тоа не е одредено најмногу 12 месеци од издавањето на препораката.
Избраниот лекар е должен врз основа на препораката на специјалистот/субспецијалистот наведена во специјалистичкиот извештај или отпусното писмо да го пропише лекот на рецептен образец во кој ќе бидат пополнети сите полиња, вклучително и дијагнозата по МКБ-10. Доколку индикацијата за лекот од специјалистичкиот извештај или отпусното писмо е наведена описно, избраниот лекар треба користејќи ја МКБ-10 класификацијата да провери дали шифрата на дијагноза одговара на индикацијата наведена во Позитивната листа на лекови и да ја напише во рецептниот образец.
Препорачаниот и на рецепт пропишан лек осигуреникот може да го подигне од било која аптека која има склучено договор со ФЗОМ. Фармацевтите во тие аптеки како дел од здравствениот систем се должни да го следат режимот на препишување на лекови на Позитивната листа и да го издадат рецептот. За одредени лекови од Позитивната листа на лекови има ограничување во индикациите за кои истите паѓаат на товар на ФЗОМ кои се напишани описно и фармацевтот од аптеката е должен да провери дали шифрата на дијагноза внесена во рецептот одговара на индикацијата наведена во Позитивната листа на лекови.

Како пример за пропишување и издавање на лекови од Позитивната листа може да се даде лекот со генеричко име Omeprazol, кој според информациите кои ги имаме има проблем во издавањето на лекот во аптеките. Доколку лекот Omeprazol е пропишан од специјалист со дијагноза Гастроезофагеална рефлуксна болест која е една од индикациите за кои може да се препишува овој лек од позитивната листа, тогаш избраниот лекар го пропишува лекот на рецептниот образец како шифра по МКБ-10 класификација К21., но не е исклучено да биде пропишан и како К21.0 или К21. 9 бидејќи тоа се подгрупи од групата К21 кои поблиски ја објаснуваат и диференцираат болеста со нејзините специфики. Исклучок би било концизно и јасно диференцирана дијагноза како дел од одредена група на болести, а која е со специфична индикација опфатена кај еден конкретен лек. Потоа фармацевтот во аптека го проверува рецептот, дали е исполнет режимот на препишување на лекови т.е. дали има препорака од специјалистот, како и дали индикацијата по МКБ-10 класификација напишана на на рецептот го оправдува издавањето на лекот според Позитивната листа на лекови.

**Сектор Контрола при ФЗОМ**